РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-2603/1
30.08. 2018 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18) Градоначалникот на Општина Крива Паланка ги известува правните и физичките лица дека се распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка за 2018 година

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18) во третиот квартал од 2018 година.

- Во периодот од 31.08.2018 година до 01.10.2018 сите заинтересирани правни и физички лица можат да достават иницијативи за изработка на урбанистички планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од горенаведениот Закон;
- Јавниот повик ќе се објави во дневниот весник „Слободен печат";
- Јавниот повик ќе биде објавен и на веб страната на општината Крива Паланка, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службено гласило на општината Крива Паланка.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма преку архивата на општината Крива Паланка до одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во горенаведениот рок.
- Комисијата за урбанизам при општината Крива Паланка, во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативите, ќе одлучи по секоја поднесена иницијатива и ќе го извести подносителот на иницијативата за прифаќање, односно неприфаќање на истата со образложение во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма;
- Прифатените иницијативи од јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општината Крива Паланка.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Борјанчо Мицевски